МЕСЕЦ НА СПОРТОТ
ЈУНИ 2011

## ПРОПОЗИЦИИ ЗА ОДИГРУВАЊЕ НА ТУРНИРОТ ВО ПИНГ - ПОНГ

ЧЛЕН 1

Право на учество на турнирот во ПИНГ - ПОНГ на МЕСЕЦ НА СПОРТОТ имаат сите клиенти кои пријавиле учество со играчи кои се аматери, односно не се регистрирани во првата лига во пинг – понг во последните 3 години. Играчите мора да бидат вработени во компанијата за која настапуваат. Проверката ќе се врши врз основа на приложените документи и евиденцијата на Пинг понгарска Федерација на Македонија за времетраење на квалификациските рунди.

ЧЛЕН 2

Натпреварите ќе се играат во термините меѓу 18:30 и 23:30 во работите денови и викенд.

ЧЛЕН 3

Победник во една партија е оној играч кој ќе освои 2 сета. Еден сет се игра до 11 поени, а играчите сервираат наизменично на секои 2 поени. Ако резултатот е нерешен (10:10), се игра на разлика – односно победник е оној кој ќе освои 2 поени повеќе од противникот, и во овој случај сервирањето е наизменично на секој поен. За секоја победа се добива по 2 бодови.

ЧЛЕН 4

Сервирањето се повторува при секое допирање на топчето на мрежата (нец). Не смее да се сервира над маса. Промашено топче при серва е поен за противникот. Секое допирање со пинг-понг рекетот на масата е поен за противникот. Во конкуренција на дубл, сервирањето мора да биде на својата десната половина на масата, кон спротивната дијагонална страна на масата.

ЧЛЕН 5

Секој натпревар ќе го суди судија со лиценца од пинг-понгарската федерација на Македонија.

ЧЛЕН 6

Максимален број на играчи дозволен за игра е 1 или 2 играчи во зависност од конкуренцијата (сингл или двојки).

ЧЛЕН 7

Секој натпревар на кој една од екипите нема да го има минимумот потребни играчи во екипата (1 или 2), се смета за службено добиен натпревар за противничката екипа со резултат 3:0. Максималното дозволено време за комплетирање на екипата е 5 минути од официјално закажаното време на одржување на мечот.

ЧЛЕН 8

Доколку 2 или повеќе натпреварувачи/(екипи во двојки) рамки на иста група имаат ист број бодови, за крајниот пласман одлучува меѓусебниот дуел, па сет разлика, па поен разликата.

ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА tsc travel service consultant
ФОРЦА спортски центар
ГОРСКА вода
Popov Winery
NLB Лизинг
SAMSUNG

ЧЛЕН 9

Системот на натпреварување е по пат на разигрување по групи, а потоа се игра систем на елиминација (1/8 финале, ¼ финале, ½ финале, финале). Во елиминационата фаза одат натпреварувачите пласирани на првите 4 места од четирите групи. Од сите 16 натпреварувачи се прави ранг листа, според освоени бодови, сет разлика и поен разлика од која се ждребаат носители на 1/8 финални парови и нивните противници. Во елиминационата фаза натпреварите ќе се играат во 3 добиени сета.

ЧЛЕН 10

Сите резултати и изгледот на групите ќе биде објавуван на огласна табла во СЦ ФОРЦА, на web страната www.mesecnasportot.com, по завршување на секој натпревар во првата фаза, а во втората фаза по завршување на секое елиминационо коло се до финалето (1/8 финале, ¼ финале, ½ финале, финале).

* за евентуални нерегуларности во врска со пријавените учесници, екипите ќе бидат дисквалификувани без враќање на котизацијата за учество.

ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА tsc travel service consultant
ФОРЦА спортски центар
ГОРСКА вода
Popov Winery
NLB Лизинг
SAMSUNG